# Службен гласник на Општина Делчево

## Број 19

## 30.10.2025 година

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

октомври, 2025

I

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 30.10.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од Конститутивната седница на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на Конститутивната седница одржана на **27.10.2025** година:

1. Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања;
2. Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Делчево;
3. Решение за избор на претседател на Советот на Советот на Општина Делчево.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 2408 /1**
**30.10. 2025 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Иван Гоцевски**

1. Врз основа на член 30 и 32 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013 2/2019 и 1/2021), а согласно со член 4 и член 122 од Деловникот на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.12/2006), Советот на Општина Делчево на својата Конститутивна седница, одржана на ден 27.10.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата**

I. За претседател и членови на Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувањата се избираат:

1. Николчо Стојменовски, претседател
2. Адријана Илиевска-Велковски, член
3. Горан Николовски, член
4. Александра Гошевска, член
5. Бобан Никовски, член

II. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 2384/1**
**27.10. 2025**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Горан Димитровски**

2. Врз основа на член 5 и 6 од Деловникот на Советот на Општина Делчево и врз основа на поднесениот Извештај од Комисијата за прашањата на верификација, изборите и именувања на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата Конститутивна седница, одржана на 27.10. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општина Делчево**

I.Се верифицираат мандатите на членовите на Советот на Општина Делчево избрани на Локалните избори одржани на 19 октомври 2025 година кои присуствуваат на Конститутивната седница и тоа:

1. Андријана Илиевска-Велковски
2. Николчо Стојменовски
3. Горан Николовски
4. Билјана Тодоровска
5. Ангела Атанасова
6. Исусе Десподовски
7. Александра Гошевска
8. Виктор Ѓеоргиевски
9. Дејан Јовановски
10. Ирена Ристовска
11. Катерина Величковска
12. Горан Димитровски
13. Игор Гошевски
14. Тони Стаменковски

15. Бобан Никовски

II. Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

III. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2385/2**
**27.10. 2025 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Горан Димитровски**

3. Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002, 84/20, 202/24), член 19 став 1 од Статутот на Општина Делчево „Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), како и член34 од Деловникот на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" бр.12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата Конститутивна седница одржана на ден 27.10. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на претседател на Советот на Општина Делчево**

I. За претседател на Советот на Општина Делчево се избира **Николчо Стојменовски** од Делчево.

II. Мандатот на претседателот на Советот трае 4 (четири) години.

III. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-2386/1**
**27.10. 2025 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Горан Димитровски**

4. Врз основа на член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр. 84/2020 и 202/2024) и член 46 став 4 и 5 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**за назначување член на Советот кој ќе го заменува Градоначалникот**

1. Се назначува **Адријана Илиевска- Велковски,** член на Советот на Општина Делчево, да го заменува Градоначалникот во случај на спреченост или отсуство подолго од шест месеци и во сите останати случаи утврдени со закон.

2. На членот на Советот му мирува функцијата член на Советот за времето додека го заменува Градоначалникот.

3.ОваРешениевлегуваво силасоденотнадонесувањето.

4. ОваРешение ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Делчево".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно со член 52 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр. 84/2020 и 202/2024) пропишано е дека „Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство, во согласност со постапка утврдена со Статутот". Согласно со став 6 од истиот член, е пропишано дека „На членот на советот му мирува функцијата член на советот за времето кога го заменува Градоначалникот".

Согласно со член 46 став 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021),е пропишано дека „Градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство",согласно со став 5 од истиот член е пропишано дека„Градоначалникот е должен со Решение да го определи членот на Советот кој ќе го заменува",додека согласно со став 6 од истиот член пропишано е дека „Решението од став 5 на овој член се објавува во „Службен гласник на Општина Делчево".

Согласно со горенаведените одредби, се донесе Решение како во диспозитивот.

**Општина Делчево**

**Бр.08-2406/1**
**29.10.2025**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Градоначалник**
**Иван Гоцевски**

Доставено до: Архива
Адријана Илиевска - Велковски
Одделечние за правнии општи работи и јавни дејности